**20150922889**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 7 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13 и 138/14), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГИСТРАЦИОНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА ВОЗИЛАТА И НИВНИ ОЗНАКИ

Член 1

Во Правилникот за регистрационите подрачја за возилата и нивни ознаки („Службен весник на Република Македонија” бр. 94/09, 150/11, 161/12, и 117/13) членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

На територијата на Република Македонија се утврдуваат следните регистрациони подрачја:

1. Берово – за подрачјето на општините: Берово и Пехчево;
2. Битола – за подрачјето на општините: Битола, Демир Хисар, Крушево, Могила и Новаци;
3. Валандово – за подрачјето на општината Валандово;
4. Вевчани – за подрачјето на општината Вевчани;
5. Велес – за подрачјето на општините: Велес, Градско и Чашка;
6. Виница – за подрачјето на општината Виница;
7. Гевгелија – за подрачјето на општините: Богданци, Гевгелија и Дојран;
8. Гостивар – за подрачјето на општините: Врапчиште, Гостивар и Маврово и Ростуше;
9. Дебар – за подрачјето на општините: Дебар и Центар Жупа;
10. Делчево – за подрачјето на општината Делчево;
11. Демир Капија – за подрачјето на општината Демир Капија;
12. Кавадарци – за подрачјето на општините: Кавадарци и Росоман;
13. Кичево – за подрачјето на општината Кичево;
14. Кочани – за подрачјето на општините: Зрновци, Кочани и Чешиново-Облешево;
15. Кратово – за подрачјето на општината Кратово;
16. Крива Паланка – за подрачјето на општините: Крива Паланка и Ранковце;
17. Куманово – за подрачјето на општините: Куманово, Липково и Старо Нагоричане;
18. Македонска Каменица – за подрачјето на општината Македонска Каменица;
19. Македонски Брод – за подрачјето на општините: Македонски Брод и Пласница;
20. Неготино – за подрачјето на општината Неготино;
21. Охрид – за подрачјето на општините: Дебрца и Охрид;
22. Прилеп – за подрачјето на општините: Долнени, Кривогаштани и Прилеп;
23. Пробиштип – за подрачјето на општината Пробиштип;
24. Радовиш – за подрачјето на општините: Конче и Радовиш;
25. Ресен – за подрачјето на општината Ресен;
26. Свети Николе – за подрачјето на општините: Лозово и Свети Николе;
27. Скопје – за подрачјето на општините во град Скопје, како и за подрачјето на општините: Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер-Сандево;
28. Струга – за подрачјето на општината Струга;

29. Струмица – за подрачјето на општините: Босилово, Василево, Ново Село и Струмица;

30. Тетово – за подрачјето на општините: Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце, Теарце и Тетово и

31. Штип – за подрачјето на општините: Карбинци и Штип.“

Член 2

Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува 30 дена од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 13.1 – 34764/1
27 мај 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков,** с.р.

Прилог

СПИСОК НА ОЗНАКИТЕ
НА РЕГИСТРАЦИОНИТЕ ПОДРАЧЈА

| | |
|---|---|
| 1. БЕРОВО....................................................... | BE |
| 2. БИТОЛА................................................ ..... | BT |
| 3. ВАЛАНДОВО........................................... | VA |
| 4. ВЕВЧАНИ................................................ | VV |
| 5. ВЕЛЕС.......................................................... | VE |
| 6. ВИНИЦА............................................. ..... | VI |
| 7. ГЕВГЕЛИЈА............................................. | GE |
| 8. ГОСТИВАР................................................ | GV |
| 9. ДЕБАР.................................................. …. | DB |
| 10. ДЕЛЧЕВО............................................. ..... | DE |
| 11. ДЕМИР КАПИЈА....................................... | DK |
| 12. КАВАДАРЦИ........................................... | KA |
| 13. КИЧЕВО............................................... …. | KI |
| 14. КОЧАНИ................................................. | KO |
| 15. КРАТОВО......................................... …. | KR |
| 16. КРИВА ПАЛАНКА.................................... | KP |
| 17. КУМАНОВО............................................ | KU |
| 18. МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА..................... | MK |
| 19. МАКЕДОНСКИ БРОД.............................. | MB |
| 20. НЕГОТИНО............................................ | NE |
| 21. ОХРИД................................................ …. | OH |
| 22. ПРИЛЕП........................................... …. | PP |
| 23. ПРОБИШТИП......................................... | PS |
| 24. РАДОВИШ............................................ | RA |
| 25. РЕСЕН.................................................... | RE |
| 26. СВЕТИ НИКОЛЕ...................................... | SN |
| 27. СКОПЈЕ................................................. | SK |

| | |
|---|---|
| 28. СТРУГА.................................................... | SU |
| 29. СТРУМИЦА............................................... | SR |
| 30. ТЕТОВО.................................................... | TE |
| 31. ШТИП...................................................... | ST |